Септември, 2020

# ИЗВЕШТАЈ ЗА КОЛИЧИНИТЕ И ВИДОТ НА ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ ШТО СЕ ПУШТА НА ПАЗАР ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2019 ГОДИНА

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Врз основа на член 39 став (3) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 163/13, бр. 6/12, бр. 136, 47/11, 17/11 и 161/09), а врз основа на податоците од ставот (2) на истиот член, кои податоците се прибираат од од извештаите доставени во согласност со членовите 27 и 28 од овој закон, Управата за животна најдоцна до 30 мај во тековната година објавува извештај за количините и видот на пакување и отпад од пакување што се пушта на пазар во Република Северна Македонија, како и за управувањето со отпад од пакување.

*Заради пандемијата со COVID 19 и прогласување на вонредна состојба на територијата на целата држава од страна на Претседателот Стево Пендаровски, Влада на Република Северна Македонија, врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), а согласно седницата одржана на 23 март 2020 година овој извештај се објавува во септември 2020 наместо во мај 2020 година*


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

*Содржина на извештајот:*

1. Количината и видот на отпад од пакување што се пушта на пазар во Република Северна Македонија
2. Количината и видот на пакување што е повторно употребено, преработено и отстрането
3. Информации за производителите и други субјекти кои имаат обврски за известување согласно со овој закон.
4. Регистар на колективните и самостојните постапувачи
5. Регистар на мали производители


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Кртаенки користени во Извештајот:

| | |
|---|---|
| ЗУПОП | Закон за управување со пакување и отпад од пакување |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| УЖС | Управа за животна средина |


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## 1. Количината и видот на отпад од пакување што се пушта на пазар во Република Северна Македонија

Пакувањето игра витална улога во заштитата и зачувувањето на нашите производи. Тоа ја штити храната и другите стоки од местото на создавање/производтсво до магацините и продавниците сè додека не пристигнат за употреба во домовите и компаниите. Пакувањето го намалува отпадот преку заштита од расипување и оштетување во системот за снабдување. Продажните пакувања го продолжуваат рокот на траење и им овозможуваат на потрошувачите да ја чуваат храната свежа подолго време.

Колективните постапувачи со отпад од пакување се за прв пат се основани во 2010 година во РС Македонија и се претставени од големи производители како што се производни капацитети од голем, среден и мал ранг. Сепак, МЖСПП проценува дека на пазарот околу 38% се нерегистрирани компании кои не ги исполнуваат обвсрките согласно ЗУПОП или т.н. „слепи патници“. Состојбата се подобрува од година во година (инспекцискиот надзор спроведен во 2013 година покажа дека 60% од посетените компании не ги исполнуваат своите обврски), но сепак проблемот егзистира.

Иако рециклирањето на отпадот од пакување е во пораст, поголемиот дел не се рециклира. Пакетот за циркуларна економија на ЕУ постави нови цели за пакување, но тие веројатно нема да бидат брзо остварливи и ќе се преговараат подолги временски рокови како дел од пристапните преговори. Новите цели за рециклирање на отпадното пакување за земјата ќе бидат утврдени во новиот Законот за управување со пакување и отпад од пакување, кој е во Влдина процедура и се очекува да биде донесен до крајот на 2020 година.

Во табела 1 се дадени податоци за целите согласно со регулативата на Европската Унија кои се очекува да бидат постигнати од страна на земјите членки. Сепак за РСМ ќе биде потребен подолг временски период за постигнување на овие цели.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| Потсектори и цели | Извори | Краен рок |
|---|---|---|
| Цели за повторна употреба, рециклирање и преработка | | |
| Рециклирање 65% отпад од пакување | Директива 94/62/ЕК | 2025 |
| Рециклирање на специфични материјали што се содржат во отпадот од пакување:<br>• 50 % пластика;<br>• 25 % дрво;<br>• 70 % метали кои содржат железо<br>• 50 % алуминиум;<br>• 70 % стакло;<br>• 75 % хартија и картон; | Директива 94/62/ЕК | 2025 |
| Рециклирање 70% отпад од пакување | Директива 94/62/ЕК | 2030 |
| Рециклирање на специфични материјали што се содржат во отпадот од пакување:<br>• 55 % пластика;<br>• 30 % дрво;<br>• 80 % метали кои содржат железо<br>• 60 % алуминиум;<br>• 75 % стакло;<br>• 85 % хартија и картон; | Директива 94/62/ЕК | 2030 |

**Табела 1: Резиме на целите на ЕУ**

Постојат пет лиценцирани колективни постапувачи (табела 8). Еден од нив се формираше во 2020 година и податоците од годишниот извештај доставен во

наредната година ќе бидат земени во предвид во извештајот за 2020 кој ќе го подгтотви Управата за животна средина (УЖС). Во Табела 2 се прикажани количините на пакување за кои е известено дека се пуштени на пазарот во РСМ од страна на колективни постапувачи кои се дел од системот на колективни постапувачи во 2017 година, а во табела 3, за споредба, се податоците за 2019 година.

| **Колективен постапувач** | **Извор на отпадот од пакување** | **Пакување пуштено на пазарот во тони (2017)** |
|---|---|---|
| ПАКОМАК | комунален | 44.918,138 |
| | не-комунален | 3.782,155 |
| ЕУРО ЕКОПАК | комунален | 768 |
| | не-комунален | 10.926 |
| ЕКО ПАКУВАЊЕ | комунален | 6.097,11 |
| | не-комунален | - |
| **ВКУПНО** | **комунален** | **51.783,248** |
| | **не-комунален** | **14.708,155** |
| **ВКУПНО** | **66.491,403** | |

**Табела 2. Количини пакување пуштени на пазарот во РСМ од страна на колективни постапувачи во 2017 година**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

| **Колективен постапувач** | **Пакување пуштено на пазарот во тони (2019)** |
|---|---|
| ПАКОМАК | 50.357,00 |
| ЕУРО ЕКОПАК | 11.593,00 |
| ЕКО ПАКИНКГ | 17.412 ,00 |
| АЛПАК - ЕКО | 4.310,51 |
| **ВКУПНО** | **83.672,00** |

**Табела 3. Количини пакување пуштени на пазарот во РСМ од страна на колективни постапувачи во 2019 година**

Ова се само податоците за пуштено пакување на пазарот само од производителите кои ги исполнуваат обврските преку колективните постапувачи. Со голема стапка на компании кои не ги исполнуваат обврските согласно ЗУПОП, потоа земјаќи ги во предвид и малите производители согласно член 19 од законот, јасно е дека вкупните количини на пакување пуштено на пазарот е значајно поголем. Имено, во 2019 година вкупно 1.306 производители ја реализирале законската обврска преку колективните системи (податоци преземени од годишните извештаи доставени од колективните постапувачи за 2019 година). Ако се земе во предвид дека во земјата се регистрирани во 2018 година 30.710 деловни субјекти од областа на преработувачка индустрија и трговија на големо и трговија на мало[1], јасно е дека голем е бројот на производтели кои не ги исполнуваат обврските согласно законот.

[1] http://www.stat.gov.mk/pdf/2020/6.1.20.14_mk.pdf

Користејќи ги податоците од колективните постапувачи од изминатите години, и земајќи ја предвид стапката на раст на БДП од 3%, УЖС ги предвиде количините на пакување кои ќе се пуштаат на пазарот на Република Северна Македонија за следните 3 години (табела 4).

| Проекции на количини пакување пуштено на пазарот во РСМ | Количество (тони) |
|---|---|
| **2020** | 116.000,00 |
| **2021** | 119.000,00 |
| **2022** | 122.000,00 |

**Табела 4: Проекции за пакување пуштено на пазарот**

Во табела 5 е презентирана количината според видот на пакување што се пуштени на пазарот во РСМ во 2019 година

| Вид на пакување | Количина путена на пазарот (тони) |
|---|---|
| стакло | 18.550,00 |
| пластика | 31.750,00 |
| хартија и картон | 35.920,00 |
| метал | 6.970,00 |
| дрво | 13.850,00 |
| копмпозитни материјали | 7.960,00 |
| **ВКУПНО** | **115.000,00** |

**Табела 5. Вкупна количина според видот на пакување што е пуштена на пазарот во РСМ во 2019 година**

Количинитте од табела 5 израезени во проценти се прикажани на слика 1.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk




**Слика1. Процентуален удел на видовите пакување пуштени на пазарот во 2019 година**

Во табела 6 се дадени податоците добиени од извешатите од колективните постапувачи кои се однесуваат само на производителите кои се членки на колективен постапувач и едениот самостоен постапувач за дрвен отапад од пакување (Титан Цементарница Усје)

| Вид на материјал | Пуштени на пазар 2019 година (во тони) од колективните/самостојниот постапувач |
|---|---|
| Стакло | 12.541,82 |
| Пластика | 21.055,10 |
| Хартија и картон | 21.503,25 |
| Метал | 3.493,36 |
| Дрво | 7.913,27 |
| Композитни материјали | 3.306,41 |
| **Вкупно** | **69.813,21** |

**Табела 6. Количините според видот на пакување што се пуштени на пазарот во РСМ во 2019 година за кои известиле колективните односно самостојниот постапувач**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Овие податоци укажуваат на фактот дека 40% од производителите не ги исполниле своите обврски согласно ЗУПОП. Овде се смета и количината пуштена на пазарот од страна на малите производители кои исто така имаат обврска да доставуваат годишни извештаи согласно членот 27 од ЗУПОП.




**Слика 2. Количини пакување пуштени на пазарот во РСМ во 2019 година**

## 2. Количината и видот на пакување што е повторно употребено, преработено и отстрането

Согласно ЗУПОП производителот е должен на свој трошок да обезбеди исполнување на националните цели од членот 35 на овој закон, преку собирање и преработка или рециклирање на отпадот што се создал од пакувањето кое прв пат го пуштил на пазарот во РСМ, а доколку е дел од колективен систем, колективниот постапувач е должен за одреден надоместок да:

- Врши редовно преземање на отпадот од пакување кој е комунален отпад во и да обезбедат негова повторна употреба, преработка или отстранување и
- Врши преземање и собирање на отпадот од пакување од крајните корисници и негова повторна употреба, преработка или отстранување.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Врз основа на годишните извешати доставени до МЖСПП/УЖС за 2019 година, а од страна на колетивните постапувачи и самостојниот постапувач од табелата 8 изработена е анализа на количината и видот на отпад од пакување што е рециклиран и преработен и анализата е презентирана во табела 7.

| Вид на материјал | Количина во тони рециклиран отпад од пакување | Удел на рециклирање на материјалот % | Вкупна количина на отпад од пакување што е преработен (со постапка на преработка вклучувајќи го и горењето во постројки за горење на отпад со обновување на енергија) % | Удел на преработен отпад од пакување (со постапка на преработка вклучувајќи го и горењето во постројки за горење на отпад со обновување на енергија)% |
|---|---|---|---|---|
| Стакло | 3.774,22 | 30,09 | 3.774,22 | 30,09 |
| Пластика | 6.737,01 | 32,00 | 6.737,01 | 32,00 |
| Хартија и картон | 16.438,05 | 76,44 | 16.438,05 | 76,44 |
| Метал | 682,06 | 19,52 | 682,06 | 19,52 |
| Дрво | 299,52 | 3,79 | 1.148,61 | 14,51 |
| Композитни материјали | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Друго | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно | 27.930,85 | 40,01 | 28.779,94 | 41,22 |

**Табела 7.Количината и видот на отпад од пакување што е рециклиран или преработен од страна на колективните односно самостојниот постапувач во 2019 година**

Овде треба да се истакне дека табелата која е пополнета со податоци кои се доставени во годишните извешати за 2019 година од страна на колективните постапувачи односно самостојниот постапувач, е непотполна, бидејќи не сите колективни постапувачи доставија податоци за количините на рециклиран односно преработен отпад како што се бара согласно табела 2 од Прилогот 3 од

Правилникот за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за видот и количината на пакувањата што се пуштиле или увезле на пазар во Република Македонија во претходната календарска година и за постапување со отпад од тие пакувања, формата и содржината на образецот на производствената спецификација, формата и содржината на образецот на евиденцијата за вкупното пакување кое е пуштено на пазар или увезено во Република Македонија како и начинот на кој се води евиденцијата („Службен весник на РМ" бр. 117/10).




**Слика 3. Количината и видот на отпад од пакување што е рециклиран или преработен од страна на колективните односно самостојниот постапувач во 2019 година**

## 3. Информации за производителите и други субјекти кои имаат обврски за известување согласно со овој закон

Во РСМ постојат околу 300[2] правни лица кои поседуваат дозвола за складирање, трертман и преработка на отпад согласно ЗУО, и тоа:

- Хартија и картон: 40 субјекти имаат дозволи за складирање и третман. Два од нив се преработувачки капацитети, а другите се бават со складирање и извоз.
- Метали: 87 субјекти имаат дозволи. Еден капацитет е топилница за старо железо, а другите се бават со со складирање и извоз.
- Пластика: 121 субјект има дозвола за складирање и третман. Четири преработувачки капацитети, а другите се бават со складирање и извоз.
- Стакло: три компании имаат дозволи од кои една е преработувачки капацитет, а другите се бават со складирање и извоз.
- Дрво: 97 субјекти имаат дозволи за складирање и третман.

Во 2018 година се основа првата компанија која за производство на РДФ и истата поседува и А-интегрирана еколошка дозвола (ЕКО ЕНЕРЦИ СИСТЕМ ДОО СКОПЈЕ). Овој капацитет ќе треба да се земе предвид од страна на организираните системи заради предавање на отпадот од пакување кој не може да се рециклира, сепак водејќи сметка за хирерхијата на отпадот, односно најпрво да се одделат фракциите кои можат да се рециклираат, а остатокот да заврши како суровина за добивање на енергија.
Цемантарница Усје- Титан групација)има дозвола за корисење на одредени фракции од отпадот од пакување како извор на енергија, но предност се дава само на оние кои не можат да се рециклираат или на друг начин да се преработат.

[2] Регистарот на постапувачи може да се преземе од следниот линк: МЖСПП / Документи / Регистри


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## 4. Регистар на колективните и самостојните постапувачи

Во моментов во земјата постојат четири активни колективни постапувачи и еден самостоен постапувач за отпад од пакување. Вкупниот број на производители кои се членови на

Во табелата 8 е даден преглед на колективните постапувачи и самостојниот постапувач.

| Колективни Постапувачи | Бр. на дозвола | Важност на дозволата до |
|---|---|---|
| Пакомак, Скопје | Уп1-11/2-1135/2020 | 5 години/ до 2025 |
| Еуроекопак, Скопје | Уп1-11/2-853/2017 | 5 години/ до 2022 |
| Екопакинг, Тетово | Уп1-11/2-441/2017 | 5 години/ до 2022 |
| Екопакување, Струмица | Уп1-11/2-1765/2020 | 5 години/ до 2025 |
| Алпакеко, Скопје | Уп1-11/2-1135/2018 | 5 години/ до 2023 |
| Цементарница Усје (самостоен постапувач) | Уп1-11/2-1375/2017 | 5 години/ до 2022 |

**Табела 8. Колективните постапувачи и самостојниот постапувач во РСМ (2019)**

## 5. Регистар на мали производители

Согласно член 19 обврската за обезбедување и исполнување на националните цели од членот 35 на овој закон, преку собирање и преработка или рециклирање на отпадот што се создал од пакувањето кое прв пат го пуштил на пазарот во РСМ не се однесуваат за малите производители. Сепак, овие, се должни да водат евиденција согласно со членот 28 ставови (3) и (4) од овој закон и да ја доставуваат до УЖС. Во 2019 година нема доставено годишен извешатај од ниту еден мал производител, ниту пак е побарано да се регистрира некој производител како мал производител.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

| Реден број | Мал производител |
|---|---|
| 1. | ТДППУ БЕЛА ДООЕЛ<br>Ул.Новопроектирана бб, Сервисна зона југ, Скопје |
| 2. | ЕНОТЕХНА доо Скопје |
| 3. | ТУШ ТРЕЈД<br>Ул.Железничка 40а, Скопје |
| 4. | ФАГУС ДООЕЛ<br>Ул. Индустриска бб, Печчево |
| 5. | БЕГС МАНИА<br>Ул.Раде Кончар бб, Кочани |
| 6. | БИО СИСТЕМИ МК ДООЕЛ<br>Ул. Водњанска бр.20/1-5, Скопје |
| 7. | И.З. ПРО –МЕД<br>Ул.Пролетерска 34, Скопје |
| 8. | Викториа Ваит<br>Ул. Лермонтова бр.3/4, Скопје |
| 9. | ИНТЕР ЕВРОГЕНЕКС<br>2434 Ново Село, Струмица |
| 10. | Парацелзиус<br>Ул. Париска бр.22 |
| 11. | Нова лајн<br>Ул.Железничка<br>Скопје |
| 12. | Ником Пауер<br>Ул. Кочо Рацин 20/1<br>Скопје |
| 13. | Хоспитал Пхарма сервице Интернатионал<br>Ул.даме Грруев 14, Скопје |
| 14. | Новус |